Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија, Управниот одбор на Ракометна Федерација на Македонија на ден 04.06.2021 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА ВО СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРИ НА РФМ

Член 1

Спортски субјекти и останати организации кои се формирани во согласност со Законот за спорт и позитивните законски акти, ракометен клуб (во понатамошниот текст: клуб), кој се натпреварува во систем на натпревари при РФМ во одредена натпреварувачка сезона, која трае една натпреварувачка година, може да учествува во натпреварувањето единствено ако има добиено Дозвола за сезона.

Член 2

Дозволата за учество во натпреварувачка сезона ја издава Комисијата за лиценцирање при РФМ заедно со Комесарот за натпреварување и Координаторот на натпреварувањето на одредената лига.

Член 3

Дозвола за одредена натпреварувачка сезона може да добие клуб кој благовремено ја поднел пријавата за натпреварување и ги исполнува општите услови за вршење дејност спорт и спортски активности, пропишани со Закон и подзаконски акти и посебните услови пропишани со овој правилник и други општи акти на РФМ, а особено:

- Клубот да е регистриран согласно законот за спорт во рамки на РФМ ;
- Да нема неподмирени финансиски обврски кон РФМ ;
- Да нема неподмирени долгови кон играчи,правни лица и останати субјекти ;
- Да исполнува минимални технички услови за учество во степенот на натпреварување (спортска сала , кадровска екипираност итн) ;

Член 4

РФМ односно Комисијата за лиценцирање и Комесарот за натпреварување, должни се да ги известат клубовите за неподмирените финансиски обврски и тоа известување да го објават во Службен билтен на РФМ, односно на веб страната на РФМ или по електронска пошта

Член 5

Клубот е должен да поднесе формулар за издавање на дозвола за учество за натпреварувачка сезона на образецот кој е пропишан од страна на канцеларијата на Ракометна Федерација на Македонија.

Пријавата за учество во натпреварувачка сезона се поднесува најдоцна до 1 јули односно 15 јуни за клубовите кои се стекнале со право на учество во евро-клупско натпреварување, до канцеларијата на Ракометна Федерација на Македонија.

Член 6

Пријавата за учество во натпреварувачка сезона, клубот ја поднесува до Комисија за лиценцирање, Комесарот за натпревари и до Координаторот на лигата.

Член 7

Комисијата за лиценцирање, Комесарот за натпревари и Координаторот на натпреварувањето, издаваат Дозвола за сезона само во случај на исполнетост на сите општи и посебни услови за нејзино издавање, најдоцна 15 (петнаесет) дена пред почетокот на натпреварувачката сезона за кој клубот ја поднело пријавата.

Член 8

Издадената Дозвола за сезона, органот од член 2 на овој правилник, ја објавува во Службениот билтен на РФМ односно на веб страната на РФМ, а важи од моментот на објавата до крајот на натпреварувачката сезона за која е издадена.

Член 9

Во случај клубот да не поднесе Пријава согласно одредбите на овој правилник, и следствено на тоа не добие Дозвола за учество во натпреварувачка сезона, односно неговата Пријава за издавање на Дозвола за учество за сезона да биде одбиена, не може да се натпреварува во натпреварувачката сезона за која не добил Дозвола за учество во натпреварувачката сезона, а во наредната натпреварувачка сезона автоматски преминува во понизок степен на натпреварување во однос на онаа за која се квалификувал во натпреварувачката сезона за која не добил Дозвола.

Клубот кој во моментот на поднесување на Пријавата за издавање на Дозвола за учество во натпреварувачка сезона, односно до донесување на конечна одлука по истата, му престанал статусот како член на РФМ, пријавата ќе биде одбиена како неоснована.

Член 10

На одлука на надлежниот орган за одбивање на пријавата за издавање на Дозвола за учество во натпреварувачка сезона, клубот кој поднел Пријава за учество, може да поднесе жалба до арбитражна комисија на РФМ во рок од 3(три) дена почнувајќи од денот на доставување.

Против одлуката на Арбитражна Комисија на РФМ, со кое е одбиена жалбата против решението на надлежниот орган за одбивање на издавање Дозвола за учество во натпреварувачка сезона, може да се поднесе барање за Заштита на законитост, во рок од 3 (три) дена од доставувањето на одлуката.

Клубот кој не го користел редовниот правен лек од став 1 на овој член, не може да поднесе вонреден правен лек од став 2 на овој член.

Доколку Барањето за заштита на законитост биде усвоено и истото биде укинато дали само второстепеното или и првостепеното и второстепеното решение, предметот ќе го врати на повторно одлучување, до донесување на конечна одлука, клубот може да се натпреварува.

Ако во повторената постапка, Пријавата за учество на клубот за издавање на Дозвола за сезона биде конечно одбиена, сите резултати на тој клуб се бришат, а понатаму се постапува во согласност со одредбите од член 9 став 1 на овој правилник.

Член 11

За поднесување на жалба на одлуката за одбивање на пријавата за издавање на Дозволата за учество во сезона и за поднесување на Барање на зашита на законитоста се приложува уплатена такса во износ од 10.000,00 денари на сметката на Ракометна Федерација на Македонија.

Уплата се врши на:
Трансакциска сметка – 270050873250193
ЕДБ 4030995161002
Депонент: Халк Банка АД Скопје

Член 12

Автентично толкување на овој Правилник дава Управен Одбор на РФМ, на основа на поднесено писмено барање на заинтересирана страна.

Член 13

Овој правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Ракометна Федерација на Македонија